РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА- KUZEY MAKEDONYA CUMHURYETİ
ОПШТИНА ЦЕНТАР ЖУПА – MERKEZ JUPA BELEDİYESİ
Бр. - No. 14-477/12
28.12.2021 год./ yılı

Врз основа на член 36 став 6 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр. 05/02 година и член 29 став 12 од Статутот на општина Центар Жупа (Сл. Гласник на Општина Центар Жупа бр.16/2020 година). Советот на општина Центар Жупа на – 2 редовна седница, одржана на 28.12 .2021 година донесе:

ОПЕРАТИВНА ПРОГРАМА
За одржување на локална патна мрежа во зимски и летни услови во Општина Центар Жупа за 2022 година.

1. Цел на Програмата .
2. Обем и динамика и ниво на одржување.
3. Организациска поставеност на службата.
   3.1. Претпријатие на кое ќе се доверат обврските .
   3.2. Совет на Општина Центар Жупа.
   3.3. Општински Центар за Справување со кризи.
   3.4. Организации и Граѓани .
4. Прилози.
   4.1. Преглед и приоритетно чистење и посипување на сообраќајниците во Општината .
   4.2. Список на одговорното лице и вработените вклучени во одржување од претпријатието кое ќе биде ангажирано за работа.
   4.3. Табела - ситуација со приоритет за расчистување на сообраќајниците .
   - Сообраќајници од прв и втор преоритет.
   - Критични (црни) точки.
   - Должина на коловозните површини (локалните патни правци) од прв и втор приоритет.

ВОВЕД

Одржување на коловозните површини и нивно оспособување за сообраќај во зимски услови пред се се од витален интерес ,потреба на граганите и стопанството и што е можно по безбедно и нормално одвивање на сообраќајот на територијата на Општината Центар Жупа.

Посебен акцент може да се стави кога временските услови може да изненадат и се од поголем обем и се нема содветна подготовка од надлежниот орган да се справи со настанатата ситуација во дадениот момент.

Ова програма има сериозен пристап во однос на обезбедувањето и извршување на зимското одржување на сообраќајниците во Општина Центар Жупа

1. ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА

Програмата има за цел да обезбеди поголемо прилагодување ,ефикасно организирање и функционирање на организацијата за зимското одржување во Општина Центар Жупа преку :

- Одредување на обемот на работите и нивото на чистење на снегот и голомразицата ,од коловозните површини.

- Дефинирање на работите и задолженијата на учесниците во реализација на ова програма.

2. ОБЕМ ДИНАМИКА И НИВНО ОДРЖУВАЊЕ

2.1. Обем на одржување

Тргнувајќи од основната цел на програмата ,физичкиот обем на работите е утврден согласно приоритетот за оспособување на коловозите за функционирање на сообраќајот и тоа .

- Распределба на локалните делници ,должина
- Приоритет на одржување
- Објекти од витален карактер на Општината

2.1. Ниво и динамика на одржување

Локалната патна мрежа прикажана е посебно во патни правци и дефинирани се приоритетите на одржување на истите во зимски услови , За зимското оджување на патиштата се клацифицираат во два преоритети , Класификацијата е извшена врс основа на интензитетот на сообраќајот ,стопанското значање ,местоположбатsa во патната мрежа како и оперативните и финансиските можности .

- Сообраќајњиците од прв преоритет по кој се одвива сообраќајот кон објектите кои се од витално значање за Општината Центар Жупа
- Сообраќањици класифицирани од втор приоритет.

Отстранувето на подмрзнатиците во услови кога нема врнежи (падавини) се врши по преоритет на критичните точки и сообраќањиците кои се одвива сообраќајот.

Дежурството се обезбедува континуирано за зимскиот период.

Дежурството го изведуваат работниците на Општината како и другите вработени од фирмата кој ке се фклучи со своја ангажирана механизација ,работна сила според ова програма.

Сообраќањиците од прв преоритет ќе бидат оспособени за функционирање на сообраќајот во зимски уислови најдоцна до 7 часот наутро поради доаѓање на работни места на лугето и учениците и најмногу од 5 (пет) часа од (престанокот на врнежите).

Останатите сообраќањици од втор преоритет ќесе оспособуваат за 12 до 24 часа по оспособување на сообраќањиците од прв преоритет .

Доколку е потребно да се фклучи механизација тоа го врши претпријатието кое е фклучено во работа по предходна соогласност од нарачателот т.е. Општината.

Општината и претпријатието кое ќесе фклучи во одржувањето треба да располага со механизација : Камион со плуг за чистење на снек ,Посипувач на сол и ризла булдужер гасеничар ,машина ИЦБ со утоварач и плуг , опрема и работна сила .

-Камион со нож за чистење на снег и посипувач – 1
-Утоварач со предна корпа УТВ -170-1
-Утоварач ИЦБ со плуг-3
-Булдожер гусеничар со нож Д-250-1

3. ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОС НА ЗИМСКАТА СЛУЖБА И ОБВРСКИ НА УЧЕСНИЦИТЕ

На подрачјето на Општина Центар Жупа зимската служба ја организира Општината Центар Жупа како носител во склоп со склучен договор со трети лица и тоа за сите работи и активности кое се однесуват за целокупното функционирање на зимската служба.

- Фирми со кои Општината има склучено договори за зимско одржување се :
- ЕДО – КОМПАНИ село Баланци имат свои пункт со абразивен матријал и сол одговорно лице за пунктот е Ерхан Максудовски тел.бр.070325065
- НАФИ И РАИМ село Мал Папрадник имат свои пункт со абразивен матријал и сол одговорно лице е Ќазим Муаремовски тел.бр. 072757339
- ШЕФКИ -ТРАНС ДООЕЛ село Коџаџик има свои пункт со абразивен матријал и сол лице за контакт Рамадан Селман тел.бр. 070241101

Преку својот надзорен орган ја следи реализацијата на програмата и издава налози за работа .

Согласно законот за јавни набавки се одредува претпријатие кое се фклучува во зимската служба во соработка со други субјекти во Општината задолжени за справување на програмата на зимската служба .

Функционирањето на зимската служба се остварува со следнава поставеност :

3.1 Препријатието кое ќе биде фклучено во зимската служба .

Претпријатијето кое ќе биде вклучено во зимската служба треба да назначи одговорно лице за комуникација и водејне на работите.

Претпријатието ги има следниве задолженија :

- Организира дежурство во зимски период.
- Возилата и машините ги држи во исправна состојба истите ги чува на сопствениот плац и по потреба да бидат ставени во функција .
- Организира по потреба интервенци на одредени патни правци по налог на надзорот.

3.2. Советот на Општина Центар Жупа со стручните служби

- Ја усвојува оваа оперативна програма.
- Врши контрола на реализацијата на усвоената програма.

3.3. Општина Центар Жупа

- Учествува во зимската служба со утоварач УТВ 170, булдужер гасеничар со плуг Д 250
- Мултифункционален трактор со корпа и соларка .
- Ја кординира активноста на сите задолжени субјекти во извршување на задачите од програмата.
- Преку средствата за јавно информирање информира за состојбата на патиштата и на работата на зимските служби и обврските на учесниците.

3.4. Надзорен орган

Надзорниот орган или лице одговорно за контакт со другите институции и одговорен за навремено превземање на сите потребни работи е Фјорим

Вејселовски кој го назначува Општината Центар Жупа кој ја следи реализацијата на програмата за зимската служба за 2022 година .
- Ја следи работата на извршителите и изготвува целокупна документација .
- Кординира со органите на советот на Општина Центар Жупа , со центарот за справување со кризи , дирекцијата за заштита и спасување , МВР и други учесници , претпријатија , заедници и граѓани .
- Дава налог за работа на препријатието кое е вклучено во работите .
- Врши други работи во врска со реализација на програмата.

3.5. Општинскиот центар за управување на кризи непосредно нее вклучен во работата на зимската служба , меѓутоа центарот посредно ја следи работата и дава информаци за состојбата .

Во случај на појава на елементарни непогоди од поголеми размери на подрачјето на Општина Центар Жупа во зимскиот периот кои не ќе можат дасе разрешуват со организациска поставеност на зимската служба . Општинскиот центар за справување прогласува вонредна состојба и непосредно раководи со акциите за отстранување на последиците. Во вакви случаеви товарот е на буџетот на Општината или други извори што ќе ги утврди надлежниот орган.

3.6. Други учесници

3.6.1. МВР – Сообраќања полиција го контролира и регулира сообраќајот во новонастанатите прилики на патиштата , ги отстранува паркираните возила за овозможување на чистење на сообраќајниците.

3.6.2. Надлежнот Општински орган за комунални работи учествува со машини УТВ 170 и булдужер гасеничар Д 250 се грижи помага во одредени ситуаци за одржување на комуналниот ред на подрачјето на Општината во делот на отстранувањето на снегот и мразот нис улиците на целата територија на Општинатаи трактор со корпа и соларка.

.

3.7. Претпријатија - заедници и граѓани.

3.7.1. Јавното претпријатие “ КАЛЕ” превзема мерки за отстранување на снегот и мразот од :
- Отварање на пешачките премини
- Отварање на пешачките патеки по тротоарите и плочниците .
- Чистење на снегот од ивиците на коловозите за нормално функционирање на сливниците.
- Чистење и празнење на уличните корпи и контенјери.

3.7.2. Претпријатијата чии отворени објекти и простори се користат од страна на граѓаните (пазаришта,гробишта и други објекти) превземат брзи мерки за отстранување на снегот и подмрзнатиците од овие простори.

3.7.3. Предпријатијата , заедниците, граѓаните , сопственици односно корисници на деловни згради ,простори,трговски комплекс,маркети,продавници и слични објекти превземат мерки за отстранување на снегот од овие простори.

3.7.4. Граѓаните го чистат снегот и подмрзнатиците од тротоарите , патеките и приодите пред своите индивидуални куќи.

3.7.5. За сите овие кои нема да ги извршуват потребните работи ќе се постапува според законот за комунален ред .

4. ПРЕГЛЕД ЗА ПРИОРИТЕТНО ЧИСТЕЊЕ И ПОСИПУВАЊЕ НА УЛИЦИТЕ И ЛОКАЛНИ ПАТНИ ПРАВЦИ .

4.1. Улици и патни правци од (прв) приоритет се :

Ред. Бр.	Име на патен превоз	Должина во Метри
1	Полициска станица фабрика фаморт	800 м
2	Патен правец R 2249 – село голем папрад	2200 м
3	Р 2249 - Село Мал Папрадник	2000 м
4	Р 2249 - Село Житинени	2100 м
5	Р 2249 - Село Бајрамовци	2000 м
6	Р 2249 - Село Баланци	1100 м
7	Р 2249 - Село Оџовци	850 м
8	Р 2249 - Село Праленик	4150 м
9	Р 2249 - Село Броштица	6800 м
10	Р 2249 - Село Црнобоци	1100 м
11	Р 2249 - Село Елевци	4500 м
12	Село Елевци - Долгаш	8500 м
13	Село Мал Папрадник – Голем Папрадник	800 м
14	Р 2249 - резервоар со вода	450 м
15	Р 2249 - село Вапа	1000 м
16	Р 2249 Коџаџик -Ташли мало	800 м
17	ВКУПНО :	39.150 м

4.2.Улици и правци (од втор) преоритет :

Ред.	Име на патен правец	Должина во метри
1	Р 2249 - село Долно Мелничани	1000 м
2	Р 2249 - село Горенци	1000 м
3	Р 2249 - село Горно Мелничани	2500 м
4	Село Житинани – село Кочишта	3800 м
5	Р 2249 – Село Новак	1500 м
6	Р 2249 – Центар – лучишта водовод	6000 м
	ВКУПНО	15 800 м

5. Чистењето ќе се врши со ИЦБ машина со плуг . УТВ 170 W машина со корпа Болдужер гусеничар D -255 поради специфичноста на терените односно – ридско планинските услови каде што камион со плуг не можи да плужи.

Со посебен налог на нарачателот преку надзорниот орган ќе се подига снегот и мразот од централниот дел односно од улицата на полициската станица до фабриката фаморт.
Чистењето на снегот од патиштата кои несе опфатени со програмата ќесе врши само во исклучителни случаеви и со посебен налог на нарачателот.

Совет на општина Центар Жупа
Претседател
Бирџан Селман